Зајакнување на капацитетите за образование и обука за заштита на природните ресурси во Охридско- Преспански басен

Програма за прекугранична соработка (ИПА Албанија- Македонија)
Април 2012 – Септември 2013

СОСТОЈБАТА СО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО И ПРЕСПАНСКИОТ БАСЕН ВО ПРЕКУГРАНИЧНИОТ РЕГИОН

(SWOT АНАЛИЗА)

Конзорциум:

1. ***Истражувачки центар за рурален развој (ИЦРР), Албанија***
2. ***Здружение на еколозисти "Натура", Македонија***
3. ***Извиднички Одред "Крсте Јон", Македонија***
4. ***Национален младински центар (НМЦ), Албанија***
5. ***"Кадми & Хармонија" , Албанија***

Изготвено од: КОЦКА Институт за обука

Финансирано од Европска Унија

Овој документ е изготвен од страна на:

КОЦКА Институт за обука,

Во рамките на проектот:

“Зајакнување на капацитетите за образование и обука за заштита на природните ресурси во Охридско- Преспански басен“

Контакт број: 2012/288-302

Март 2013



Финансирано од Европска Унија

СОДРЖИНА

КРАТКО РЕЗИМЕ ЗА ДОКУМЕНТОТ 1

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ 2

ЦЕЛИ НА ОВОЈ ДОКУМЕНТ 6

ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ 7

КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА SWOT АНАЛИЗА 8

ВОВЕД ВО SWOT АНАЛИЗА 9

ПРЕГЛЕД НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА 10

SWOT МАТРИЦА 11

ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА 13

СОЦИО- ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА 15

ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 20

ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА 24

ПРЕПОРАКИ 27



Кратко резиме за документот

Овој документ е изготвен во рамките на проектот "Зајакнување на капацитетите за образование и обука за заштита на природните ресурси во Охридско- Преспански басен"преку програма за прекугранична соработка (ИПА Албанија- Македонија), спроведена во период од април 2012 до септември 2013 година.

Целта на овој документ е да изврши анализа и да создаде матрица за начини на соработотка на регионално ниво, но исто така и да се идентификуваат добрите практики, потреби на населението, единиците на локалната сапоуправа и да се опише состојбата на местата каде се спроведува овој проект.

Овој документ е составен од три главни делови:

- Основни информации – се дава објаснување за севкупната состојба на регионот, потребите на анализата за идно планирање и развој на прекуграничната област. Во овој дел исто така е вклучена и користената методологија за негова изработка, вклучувајќи ја целната група и крајните корисници кои се клучни за изработување на квалитетна анализа и соодветен документ;
- Детална анализа на силните и слабостите страни, можностите и заканите во областа на Охридско- Преспанскиот басен, законската рамка на заштитените подрачја, социјалната и економската состојба, состојбата со животната средина, проценката на капацитетите и потребата од образование за животната средина. Секоја од овие теми е засебно анализирана со резиме за моменталната анализа и заклучоците;
- Општи препораки кои се однесуваат на цевкупната анализа на регионот за сите теми и полиња.

Овој документ може да се користи од сите чинители во регионот вклучувајќи ја локалната власт, јавните/државни институции, бизнис и граѓанските организации кои работат во полето на заштита на животната средина, образованието и менаџментот во туризмот.

Основни информации

Речиси половина од македонско- албанската граница(65км) е поделена од басенот на Мала Преспа, Голема Преспа и Охридското Езеро. Овој регион е од особено значење за двете земји, а во исто време е и економски најразвиената област долж границата. Овој регион е еколошки најбогат на Балканот, а во исто време има и најчувствителна животна средина.

Постои значајна разлика меѓу двете земји како на економско ниво така и во поглед на животната средина. На албанската страна пејсажот е деградиран, економскиот развој слаб, бројот на туристи е една четврина од вкупниот број на туристи на македонската страна, квалитетот на услуги низок, а менаџментот со животната средина е на самиот старт.

Општа спротивност на тоа е состојбата на македонската страна, економскиот развој и управувањето со животната средина е подобар, а исто така и квалитетот на услугите од туристичка гледна точка е постабилен. Парадоксално на тоа е ограничената размената на искуства и управување со животната средина, одржливиот развој, меѓу Македонија и Албанија. Ние не смееме да ја заборавиме "историјата" за разликите во економскиот развој на двете земји; во изминатите петнаесет години Македонија имаше поголема развојна динамика, похармонизиран развој на природните ресурси и поисправно спроведување на законите кои се однесуваат на заштита на животната средина.

Неодамнешните анализи покажаа дека разликите во економскиот развој се намалени како резултат на зголемените конвергенции за одржлив развој и политиките за управување со животната средина под ЕУ интегративниот процес. Но и покрај горенаведените промени потребата за градење тренинг капацитети за еколошка едукација се речиси слични. Сепак очигледна е потребата за рационално пренесување на најдобрите практики за управување со животната средина од македонската страна и зголемување на обидите двете земји да го пренесат своето кохерентно знаење за одржлив развој кое се применува во повеќето земји членки на ЕУ.

Во контекст на одржливоста на Македонија и Албанија институционалните реформи за управување со природните ресурси се важни за економските политики и политиките за животната средина. И покрај фактот што институционалните реформи се наоѓаат на различно ниво, регионот и регионалните директори, општините и невладините организации од двете страни се согласни со потребата за зголемување на знаењето и практиките за управување со природните ресурси, а истите треба да бидат соодветни со нивното приближување

кон Европската Унија. Главна пречка во образованието за животна средина бил недостатокот на поврзување меѓу високо квалитетните институти за еколошка едукација со други локални и централни институции, бизнис менаџери и граѓани. Според Агенда 21 една од најважните цели за промовирање на обуките за еколошка едукација е: „*Зајакнување на националните капацитети, особено во научна едукација и обуки, овозможување на владите, работодавачите и работниците да ги исполнат еколошките и развојните цели и потпомагање на трансферот и асимилацијата на нови еколошки, социјално пристајни и соодветни технологии, но исто така и практично знаење*“ (Поглавје 36 Агенда 21).

БУИЛД ТРАСА проектот се имплементира во Охридско-Преспанскиот регион, односно во регионот кој е од особено значење за одржливиот економски развој, особено за туризмот согласно одржливиот развој на природните ресурси во двете земји. За Македонија, Охридско-Преспанкиот басен го сочинува најважните туристички места кои во исто време обезбедуваат финансиски средства за жителите кои живеат во градовите долж брегот на езерата. За Албанија пак, регионот е референтна точка за одржливиот развој кој треба да ја намали идната деградација на екосистемите која е резултат на пренаселеноста, неправилната употреба за просторот и притисоците на природните ресурси од руралното население. За двете земји регионот претставува голема резерва за одржлив туристички развој поради присуството и изобилството на природни ресурси, заштитени паркови кои нудат различни видови на рекреација, брз развој на инфраструктурата, други слични политики за управување на животната средина и мултиетничката политика. Поради тоа овој регион е општо прифатен како културна точка каде се сретнуваат позитивните енергетски ефекти, но само доколку натаму се насочи и амбицијата.

Должината на граничната линија која го дели регионот е околу 65 км и истата поминува низ Малото и Големото Преспанско езеро (на исток) и Охридското езеро (на запад). Таму се наоѓа и националниот парк Преспа (27500 ха) кој има свој дел и во Македонија и во Албанија и во Грција вклучувајќи ги и малото и Големото Преспанско езеро. На македонската страна се наоѓа паркот Галичица (25000 ха) и има околу 176 видови растенија од кои 58.4% се локални. Паркот Галичица е меѓу трите најголеми паркови во Македонија. На исток се наоѓа строго заштитената планина Шибеник (на границата со Албанија). На албанската страна покрај националниот парк Преспа (најголемиот во Албанија) површината од 5063 ха лоцирана на страната на Охридското Езеро е прогласена за заштитено подрачје (1996 и 2006), а на западната страна на планината Шибеник се наоѓа шумата Рајча со националниот парк Рајча (4700 ха). Областа меѓу Охрид и Преспа е прогласена или како заштитено подрачје или како национален парк (околу 60 000ха).

Од демографска гледна точка за местата на кои ќе се спроведува проектот во однос на човечките ресурси и социо-економксата состојба е даден следниов опис; за албанската страна: 261 000 број на население; 57% од нив се занимаваат со земјоделство; постојат два тима од 60тина луѓе кои се занимаваат со управување на националните паркови, 1300 мали бизниси, 38 хотели со капацитет на сместување за 730 луѓе, 34 локални граѓански организации кои работата/истражуаат во полето на животна средина, 164 лиценцирани морнари, 18 средни училишта и околу 11400 млади, 630 учители (54 учители по биологија и 76 учители по географија) 14 локални земјоделски задруги (4 шумски директориуми, 4 образовни директориуми) со околу 230 канцеларии, еден универзитет со 3000 студенти (Ф. Ноли, Корча).

На македонската страна состојбата е следна: 101800 број на население, 28% од нив се занимаваат со земјоделство, постојат два тима кои управуваат со националните паркови со околу 56 канцеларии, 84 хотели со сместувачки капацитет од 2900 легла, 5 основни училишта за 4800 основци, 108 граѓански организации со околу 430 членови, локални земјоделски задруги и гранска на Универзитетот во Скопје (Одделот за хидрологија) со 65 истражувачи и гранска на Университетот од Тетово (Факултет за екологија со 3000 студенти).

Постои недостаток во поврзувањето на професионалните кадри и локалните власт/граѓански институции од една страна и неуспех во координација на локалната и централната власт од друга страна дополнето со дискретните финанскиски фондови. Ваквиот неуспех не дозволува успешна координација во животната средина на национално/ регионално ниво.

Според Регионалната програма за животна средина на ЕУ (Западен Балкан 2006- 2011: трендови, можности и ризици) проблемите на двете земји се следниве:

Слабо владеење со животната средина: Институционалните и административните капацитети на националната и локалната власт во земјите на Западен Балкан се слаби. Принципите на зелената агенда за управување со животната средина како “загадувачот плаќа“, “принципот на претпазливост“ и “екосистемски пристап“ не може да се применат.

Европските интеграции се силен двигател за управување со животната средина: односно перспективата за влез во ЕУ е клучната сила за подобрување на состојбата со животната средина во регионот. Со исполнување на обврските како земја кандидат, земјите од западен Балкан се движат кон спроведување на европската рамка за животна средина - Acquis.

Недостаток на финансиски инвестиции за животната средина: Приближувањето кон ЕУ бара големи инфраструктурни инвестиции во животната средина. Според истражувањата на Европската Комисија

пресметано е дека за усогласување на законодавството на земјите од Источна Европа со законодавството на ЕУ ќе бидат потребни два или три проценти од БДП на годишно ниво. Во двете земји, каде БДП е многу ниско, достигнувањето на потребното ниво на расходи е голем проблем.

Ограничена меѓугранична соработка: И покрај тоа што повеќето од проблемите на Западен Балкан имаат меѓуграничен ефект соработката меѓу земјите и не е многу застапена.

Врз основа на анализата направена во пограничниот регион се утврди дека последната има голема еколошка и економска важност. Покрај тоа што постојат многу можности за создавање позитивна економска клима и соработка меѓу Македонија и Албанија од различни причини не се користат доволно. Една од неколкуте причини е недостатокот на размена на информации како основа за соработка на заинтересираните страни во регионот. Постојат неколку законски и инфраструктурни пречки, проблеми и потешкотии кои или го стопираат или го забавуваат процесот на соработка. На ова поле не се направени сериозни и конкретни активности со цел подобрување на состојбата. Локалните власти во пограничните области може да се сметаат како стабилен столб за идно зајакнување на соработката меѓу двете земји.

Цели на овој документ

Целта на овај документ е создавање на матрица за можна соработка на би-национално/регионално ниво преку идентификување, анализирање и бележење на агендите за соработка на административните локални единици и невладините организации.

Специфичните цели на овој документ се следниве:

- Собирање, анализа и евалуација на постоечки стратегии/програми/акции, агенди и инфраструктури од концептуална гледна точка и од гледна точка на образование за животната средина.
- Идентификување на добри практики и потреби на административните локални единици и опишување на состојбата.
- Идентификување на силните страни, слабите страни, можностите и заканите (SWOT) во басените на езерата во регионот на четирите подрегиони (Охрид и Струга, Поградец и Преспа).
- Реализација на следниве студии во соработка со другите актери во регионот: (i) состојбата со животната средина, најважните проблеми и поставување приоритети, (ii) состојбата со шумите и управување со пожари, (iii) развој на земјоделството и одржлив развој (iv) перспективите за развој на туризмот на среден и долгорочен план и пречките/предностите.
- Идентификување на синергија и комплементарност меѓу партнери.



Цели на проектот

Генералната цел на проектот е подобрување на професионалната изведба во образованието за животна средина кој придонесува за одржлив економски развој на пограничната област во југо-западниот регион во Македонија (Општините Струга и Охрид) и регионите во Албанија, Корча и Елбасан (Општините Поградец и Либражд).

Специфичните цели на проектот се:

1. Подобрување на капацитетите за образование за животната средина преку подигнување на нивото на стручност на двете страни од границата;
2. Поставување на мрежи кои ќе го охрабрат процесот на размена на знаења меѓу локалните власти, академиците, институтете за обуки и невладините/ граѓанските организации, и
3. Промовирање на заеднички активности.

Очекуваните резултати од спроведените активности во рамките на проектот треба да бидат:

- Заштита на биотичката животна средина
- Избегнување на прекумерен риболов
- Заштита на ретки видови
- Подобрување на управувањето во заштитените подрачја
- Контрола на нивото на езерото
- Контрола на загаденоста на водата
- Контрола на индустрискиот отпад
- Создавање на заеднички систем за набљудување
- Контрола на земјоделските активности
- Намалување на прекумерното користење на ѓубрива
- Создавање можности за развој на туризмот
- Намалување на стапката на невработеност
- Ублажување на инфраструктурата

Користена методологија за изготвување на SWOT анализа

Користената методологија за изработка на SWOT анализата се заснова на висо партиципативните методологии и техники. Преку партиципатицниот процес на консултирање се таргетираа сите релевантни корисници вклучувајќи ги и истражувањата и анализите на локалните општинско стратешки документи, регионалните стратегии, националните стратегии и полисите, а исто така се вклучија и консултациите со граѓанското општество.

Активностите беа насочени кон следниве таргет групи:

- Локална власт (заедници, општини, облати и префектури)
- Административни единици на територииите на Општините Струга, Охрди, Поградец и Либражд.
- Еколошки агенции, директоратите за шумарство, земјоделство и образование, единиците за паркови и туризам во регионот
- Министерство за животна средина, шумарство и администрација со водите (на албанската страна) и Министерството за локално владеење (на македонската страна)
- Министерството за земјоделство, храна и заштита на потрошувачите (на албанската страна) и Министерството за земјоделство (на македонската страна)
- Министерството за Туризам, култура, млади и спорт
- Еколошките, земјоделските, шумарките и туристичките здруженија за одржлив развој
- Професорите и средношколците во средните училишта во регионот
- Локалните/националните граѓански организации (поврзани со образованието за животна средина и одржлив развој)

Процесот беше отворен за:

- Населението од Охридско-Преспанскиот регион
- Туристичката индустија од регионот
- Локалната власт на територијата на двете страни која има придобивки од моделот на управување со природните ресурси (шумите и пасиштата), одржливиот развој, образование за животната средина и законски институционални договори.



Вовед во SWOT анализа

SWOT матрицата е модерна аналитичка алатка во структурното планирање која се користи за утврдување и проценување на **С**илните страни, **С**лабите страни, **М**ожностите и **З**аканите на моменталната состојба во одредено поле. Општо, претставува алатка која дава јасна слика за моменталната состојба и помага во идното планирање на активностите со цел постигнување на специфични цели

Поспецифично, елементите на SWOT анализата вклучуваат:

- **С**илни страни: карактеристики кои даваат предност пред другите
- **С**лаби страни: карактеристики на кои им е потребен дополнителен развој
- **М**ожности: елементи кои може да се искористат како предност
- **З**акани: надворешни елементи кои се можна закана за моменталната состојба

Целта на било која SWOT анализа е да ги идентификува клучните внатрешни и надворешни фактори кои се важни за постигнување на целите. SWOT анализата ги групира клучните делови од информацијата во две главни категории:

- Внатрешни фактори – внатрешните *силни* и *слаби страни* на организацијата и/или регионото.
- Надворешните фактори – *можностите* и *заканите* претставени од надворешната средина за организацијата или полето на работа.

Врз основа на фактите од SWOT анализат, поврзани со анализата на целите идентификувавме можности кои се заеднички за Охридско-Преспанскиот басен. Силните страни се користат за да се надминат слабостите односно да се намали ранливоста од надворешните закани и да се воспостави соодветен план со цел минимизирање на слабостите и избегнување на заканите.

За време на изготвувањето на SWOT анализата ги поврзавме силните страни со можностите со цел да најдеме *конкурентивни предности*. Исто така се обидувавме да ги смениме слабостите или заканите и истите да ги претвориме во силни страни и можности. На тој начин баравме соодветни решенија.

SWOT анализата е прилагодена кон барањата на проектот и е проценка на генералната состојба во Охридско - Преспанскиот регион во однос на локацијата, геолошката историја, хидраологијата, дивиот животински свет, социјалните и економски услови, правната и институционалната основа за заштита и развој.

Преглед на моменталната состојба

Главната цел на проектот не е само подобрување и заштита на состојбата со животната средина, но исто така зајакнување на одржливоста во однос на човечки активности со природните ресурси и подобрување на животниот стандард на жителите. Со други зборови постигнување на одржлив развој.

За справување со ваквата состојба беше направена анализа на проблемите со загадувањето и намалувањето на нивото на езерото, природните ресурси, биоточката животна срединаи социо-економскиот развој. Истите беа земени како почетна точка за иден развој на овој документ.

Природното наследство и уникатниот биодиверзитет на подрачјето е под постојан и силен притисок од антропогенскиот фактор.

Промената на квалитетот на водата лошо влијае врз туристите, а истото се должи на еутрофикацијата и зголемената загаденост (отпадна вода и цврст отпад).

Индустријата исто така придонесува за загадување на езерата. И покрај тоа што постојат закони за заштита од, и третирање на отпадните води граѓаните не ги почитуваат.

Главна економска активност на двете земји е земјоделството. Земјоделските активности преку пестицидите и ѓубривата кои се влеваат во реките, изворите и влијаат на квалитетот на водата се значаен извор на загадување на езерата

Поради интензивното наводнување, полињата се широко распослани, а нивото на водата, особено во Преспа се намалува, а обработливото земјиште се спишта до самиот брег на езерото. Интензивното земјоделство исто така го нарушува балансот на хранливи материи од почвата и влијае врз природните ресурси.

Уште од 1960 бројот на рибите опаѓа поради прекумерен лов и пораст на трската,а бројот на рибари е се помал и помал. Во Албанија и во Македонија забележано е намалување на рибното прозводство и бенталската фауна кое се должи на загаденоста на водата. Овој факт заедно со можниот увоз на риба ја нарушува биотската животна средина.

Постои низок бруто приход по глава на жител и исто така висока стапка на невработеност. Ваквото непостоење на можности ги тера луѓето, а особено младите да ја напушат оваа област и да одат во поголемите и поурбани центри.

Средниот инфраструктурен квалитет во двете земји ја отежнува или целосно оневозможува достапноста до басенот. Овој факт заедно со недостатокот на соодветно ниво на стандарди во хотелското управување и услугите го намалува интересот на туристите за посета на овој регион.



SWOT матрица

Опис на Охридско- Преспанскиот басен

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Физички карактеристики и карактеристики на животната средина	- Идеална прекугранична област - Широко сливно подрачје - Пријатна клима - Атрактивна од геохидролошка гледна точка - Квалитетот на водата сеуште е задоволителен	- Релативно изолиран регион од инфра-структурна гледна тока - Недостаток на ефикасен систем за заштита на водата - Силни антрополошки притисоци	- Подобрена инфра-структура - Поставување на ефикасен систем за заштита на водата - Намалување на притисокот кон животната средина преку еколошка едукација	- Маргинали-зација на регионот од туристичка гледна точка - Дополнителна “ерозија” на животната средина околу Охридско-Преспанскиот басен
Биолошки карактеристики	- Различни живеалишта како основа за биодиверзитет - Голем број на видови кои привлекуваат внимание - Најбиоди-верзитетното езеро во светов споредено со другите басени од околината - Гоелм број на ендемски видови	- Недостаток на капацитети за зачувување на биоди-верзитетот - Загадувањето придонесува некои од организмите да исчезнат - Живеалиш-тата се менуваат но не по природен пат	- Мерки за заштита на ендемските видови - Зголемување на јавната свест за заштита на регионот - Намалување на загаденоста во регионот	- Изчезнување на ретки видови - Уништување на живеалишта за дивиот свет во регионот

ЗАКЛУЧОЦИ:

Охридско - Преспанскиот басен има пријатна клима и атрактивна географска локација со добар квалитет на водата кој е идеален за меѓугранични иницијативи во поле на туризмот и употребата на природните ресурси. Од друга страна пак регионот е релативно изолиран од основната инфраструктурна поврзаност во двете земји затоа што се наоѓаат далеку од главните градови, а не постојат ниту многу успешни приказни за здружени иницијативи во полето на заштита на водата и ресурсите.

Од билошка перспектива регионот има богат биодиверзитет. Охридското езеро е заштитено под УНЕСКО како културен и природен монумент, односно езеро со најголем биодиверзитет и најголема застапеност на ендемнски видови.

Заедничките иницијативи треба да бидат насочени кон подобрување на пристапноста до регионот, но во исто време треба да се внимава и на ресурсите и на животната средина. Треба да се стави фокус на одржливиот развој во туризмот - со посебен акцент на интегрираниот систем за заштита на водата со мало влијание врз животната средина. Потребно е започнување на посебна програма за заштита на биодиверзитетот и ретките видови кои живет во ова подрачје. Имајќи ги предвид начинот на живот во минатото и забрзаната индустријализација на двете страни во регионот, особено за време на социјализмот, треба да се обрне посебно внимание на образованието за животна средина како една од алатките за заштита на животната средина и одржливиот развој. Ова на подолг период гради силна основа за стабилна заштита на животната средина, односно на природните реусрси.

На национално ниво треба да се стави посебно внимание на стратегиите за развој во туризмот со цел зачувување на високото место во националните агенди за промоција и развој.



Законска рамка за заштитени подрачја

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Институционална и административна рамка	- Две нивоа на одговорсности - Посебно тело одговорно за езерата	- Лоша координација меѓу земјите и локалното ниво на владеење - Недостаток на институционален капацитет - Преклопување на одговорности	- Обука на вработените во полето на донесување одлуки - Развивање механизми за координација на двете нивоа	- Чести промени во личната одговорност по ова прашање - Константен недостаток на институ-ционална меморија кога е во прашање регионот
Политики на животната средина	- Воспоставување на соработка со соседните земји - Неколку реализирани заеднички проекти - Соодветен стручен капацитет	- Недостаток на соодветни сокументи - Недостаток на добро владеење	- Подготовка на стратешки документи за интегрален развој на регионот	- Понатамошно уништување на природното наследство во регионот
Законска рамка	- Релативно соодветна законска рамка за заштитените подрачја - Прилагоден правен систем со европскиот - Acquis	- Недостаток на имплементирачки капацитети - Не постои соодвета финансиска поддршка	- Обики за ефикасна имплемен-тација на законите и други правни документи	- Праксата останува со “добри“ закони без соодветна имплемен-тација
Администрација на заштитените подрачја	- Добро дефинирани заштитни подрачја во регионот - Искуство во нивна заштита	- Различно администри-рање (јавиот и невладиниот) - Недостаток на научен капацитет - Слаба координација со научни институции	- Повеќе истражувачка работа за заштитените подрачја - Зајакнување на мерките за заштита преку активности	- Губење на статусот како заштитно подрачје - Изчезнување на ретки видови во заштитените подрачја

ЗАКЛУЧОЦИ:

Што се однесува до законската рамка за заштитените подрачја регионот се отсликува како место со зголемена јавна свест како на граѓаните така и на институциите кон градење одржлив развој и успешно управување со заштитените подрачја во пограничниот регион на подолг рок. Има неколку успешни прекугранични иницијативи и изграден е соодветен експертски капацитет. Поставена е законската рамка поврзана со заштитените подрачја и истата е согласно европската рамка за животна средина Acquis. Заштитените подрачја се добро дефинирани и постојат капацитети за управување со заштитените подрачја.

Од друга страна спроведувањето на регулативите поврзани со управување со заштитените подрачја треба да се подобри. Има недостаток на капацитети и механизми за имплементација и нема доволно финансиски средства. Постојат случаи каде се поклопуваат одговорностите и поради тоа настанува лоша координација меѓу централната и локалната власт. Ова води до недоследност на правното спроведување на законот и недостаток на меѓугранична соработка и иницијативи меѓу политичките и научните институции.

Дополнителен напор треба да се вложи во зголемување на капацитетите (особено човечките капацитети) на законодавните институции во регионот и поддршка на процесот за развој на прекугранични механизми за координација на активностите во полето на управување со заштитените подрачја.

Треба да се земе предвид стратишкиот пристап за интегрален одржлив разбој во регионот и интегрална перспектива на заштитеното подрачје. Треба да се започне целосно партиципативен процес на стратешко планирање кој ќе ги вклучи сите релевантни чинители од двете страни на границата, а посебен фокус треба да се стави на научниците.

Доколку не се превземат мерки најлошото сценарио води кон исченување на ретките видови во заштитените подрачја кои се од огромно национално, светско значење и кои можат да доведат до можно губење на статусот како заштитена област, а истото да биде негативно по екомомскиот и социјалниот живот на луѓето во пограничниот регион.



Социо- економска состојба

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Население и миграција	- хетерогено население од етничка и религиозна гледна - Долга традиција на заедничко живеење	- Имиграција поради економски причини (невработеност, ниски животни стандарди) - Меѓуетнички тензии - Миграција од рурални кон урбани средини	- Економски и социјални мерки за мотивирање на руралното население да остане - Зголемување на меѓусебното разбирање	- Континуитетна стагнација на економски раст - Социјални и други конфликти - Напуштање на руралните средини
Приходи и вработување	- Големо и активно на селение во регионот - Слободна квалификувана работна сила (сеуште лимитирана)	- Висока стапка на невработеност - Разлика во вработеноста меѓу урбаните и руралните средини - Несоодветно образвование на невработените лица	- Дирекни инвестиции на странцки и домашни поединци - Мотивација на емигрантите да инвестираат	- Зголемување на невработеноста - Намалување на домашниот приход
Економска структура	- Флексибилна економска структура базирана на мали бизниси	- Испуштање на големи и средни претпријатија кои може да послужат како база за економски раст	- Промоција на т.е “чисти технологии“ - Повеќе инвестиции во туризмот и угостителството	- Развој на индустриските капацитети кои може да влијаат врз животната средина
Искористување на земјиштето и земјоделство	- Производство на овошје - Домашна организација на земјоделски активности во мали фарми	- Околу 60% од земјоделското земјиште не се користи - Недостаток на компании за производство на храна - Недостаток на ефикасен систем за полевање	- Отварање на производствени компании и капацитети за ладење - Обуки за земјоделци и невработени - GAP имплементација	- Дополнително намалување на земјоделски производи

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Сточарство	- Доволно пасишта - Различни видови на домашни животни	- Слаб сточарски сектор - Недостаток на места за млекарската индустрија - Храната нема сопствено производство	- Обуки за сточарите - Инвестиции во производството на млеко и месо	- Стагнација на животинско производство - Дополнително пустошење на земјиште за храна
Бизниси	- Различни бизнис сектори - Отворена економска зона во Струга	- Практики на сивиот сектор, - Политичка нестабилност - Слаба инфраструктура	- Поддршка на мали и средни претпријатија - Обука за прет-приемништво	- Ниско ниво на бизнис активности
Рибарство	- Незагадена риба - Вкусни и скапи видови риба	- Мал придонес во државната економија (0.1%) - Недостаток од организирана грижа за рибниот фонд	- Системстско мерење за одржливо рибарење на ендемски видови - Инвестиции во рибарството за обработка и зачувување	- Исчезнување на ендемски видови, посебно на Охридската пастармка
Туризам и Инфраструктура	- Совршена гео-стратешка локација, - Контитентална и медитеранска клима, - Голем фонд на флора и фауна - Области со добро зачувана животна средина и здрава храна - Богато минато и културно наслетство - Совршени услови за развој на зимски спортови - Туристички резорти и кафетерии на плажите - Силно изразена традиција во полето на госто-примливости фолклор	- Слаба сообраќајна инфраструктура - Слаба туристичка понуда на Преспа	- Инвестиции во Преспанскиот дел во туризам и угостителство - Обуки за домашното население - Промо активности за развој на туризмот во регионот - Подобрување на сообраќајната инфраструктура во регионот, особено зелезничкиот	- Страгнација на туризмот во Преспа - Силен антрополошки притисок на езерата - “валканите“ технологии во индустрискиот сектор

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Искористување на енергијата	- Голем број на сончеви денови - Достапни извори на обновлива енергија - Достапни истражувачки капацитети за систематско зголемување на неконвенционал-ните видови на енергија (биогас, силина на ветар итн.)	- Енергетскиот сектор е зависен од увоз - Неискористена хидро заштита	- Инвестиции во икористување на обновливи енергии - Обука на локалното население - Корисници од употребување на обновливи видови енергија	- Скап увоз на енергија
Образование за животна средина	- Достапни фондови за образование за животна средина - Релативно развиен НВО сектор кој се занимава со прашања поврзани со животната средина - Поставување на соодветни образовни и научни институции кои се занимаваат со образование за животна средина	- Недостигаат годишни наставни планови во формалното образование за животната средина - Не постои стратегија за образование за животната средина на национално и регионално ниво - Не се дефинирани таргет групите за специфичен вид на образование за животна средина - Во некои видови на образование за животна средина нема активности (одржливо земјоделство, обновливи енергии, еко туризам)	- Создавање на локален план за образование за животната средина - Изготвивање на програмата за образование за животната средина во регионот - Развој на специфични алатки за обуки за посеен вид образование за животната средина	- Дополнително уништување на животната средина - Дополнителна маргинали-зација на важни прашања како: одржливо производство на храна, еко-туризам, обновливи енергии

ЗАКЛУЧОЦИ:

Социо-економската анализа бара да се земат предвид многу полиња со цел да се извечат квалитетни заклучоци. Фокусот треба да биде ставен на следниве полиња: Популација и миграција; приходи и вработување; економска структура; искористување на земјиштето и земјоделство; сточарство; бизнис; рибарство; туризам и инфраструктура; користење на енергијата; еколошка едукација.

Од социо-економска перспектива регионот е карактеризиран како место со хетерогено население од етничка и религиозна гледна точка и силни културни и традиционални вредности. Голем број од населението е активно и има квалификувана работна сила, но исто така има и висока стапка на невработеност и неискористени човечки ресурси. Токму ова е една од причините за миграција на населението особена за миграцијата од руралните во големите урбани средини или други земји. Има мали или средни компании на кои им недостигаат странски инвестиции и големи конпании кои двигателите на економскиот раст. Треба да се обрне посебно внимание на "чистите технологии" и инвестициите во туризмот затоа што се економски области кои вестуваат на двете страни на регионот. Кога се промовираат бизнисите треба да биде јасно за каков вид на бизнис треба да се развива во регионот, затоа што сеуште има случаи на мали семјени фарми кои не може да конкурентни на земјоделскиот пазар. Постои земјоделско земјиште кое не е искористено, а нема доволно компании кои во исто време би мотивирале население да го користи неискористеното земјиште. Моменталната состојба покажува дека земјоделското производство во регионот има тренд на опаѓање, а истото долгорочно влијание на семејните приходи и на развојот на на регионот. Поради ова миграциските процеси се зголемуваат.

Состојбата во сточарскиот сектор е повеќе или помалку слична. Потребна е регионална или национална стратегија со цел зајакнување на овие две традиционално важни области. Рибарскиот сектор е во поинаква состојба. Тој се карактеризира со квалитетна, незагадена риба, но има недостаток од рибници и посебна " грижа за рибниот фондо", а исто така недостасува и индустрија за преработка на рибата во регионот. Од друга страна треба да се стави фокус на заштита од прекумерниот лов на риба со цел да се зачува рибната популација во регионот.

Туризмот е една од подоминантните индустрии во регионот и многу семејства живеат од тоа. Регионот има многу поволна гео-стратешка позиција, пријатна клима, бројна и уникатна флора и фауна, добро сочувана животна средина и здрава храна. Дополнително, регионот има богато искориско и културно наследство и долга традиција на гостопримливост/љубезност и фолклор. Во овој домен посебно

внимание треба да се стави на организираната туристичка промоција и инвестициите во туристичка инфраструктура, затоа што има недостаток на туристички услуги и високо квалитетни туристички објекти.

Имајќи ги предвид горенаведените фактори и моменталната состојба во регионот потребата од програми за еколошка едукација кои ќе го таргетираат локалното население, бизниците, граѓанското општество и локалната власт е повеќе од потребна. Образованието е многу важно заради заштита од започнување на бизниси кои се многу популарни и атрактивни, од економска гледна точка, но од друга страна може да имаат негативно влијание на животната средина и здравјето на луѓето. Линијата меѓу економски раст и еколошка заштита е многу тенка, а добро образовани луѓе може да ја разберат важноста од одржлив развој.

Проценка на состојбата со животната средина

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Iинвестиции во сливот на езерото и промени во водниот режим	- Релативно добар хидраулички баланс во Охридското езеро - Одвод на голема земјоделска област околу езерото	- Трајна загуба на водата во Преспанското езеро - Сатурација на брегот на Охридското езеро од седименти од реката Сатеска - Изгубена е вегатацијата на влезот на реката Сатеска во брегот	- Чистење на речното корито на реката Сареска	- Дополнително уништување на дивиот животински свет во Преспанското езеро поради трајната загуба на вода - Влијание на брегот на Охридското езеро близу реката Сатеска
Извори на загадување на водите од површината и подземните води	- Квалитетот на водата во Охридското и Преспанското езеро е сеуште задоволителен	- Користењето на “хемикалии“ во производството на агро-храна - Недостаток на објекти за индустриско прочистување на загадената вода - Нецелосна канализација во регионот - Голем број на притоки се влеваат во езерото, особено Сатеска, Велгоска и Коселска река	- Завршување на канализацискиот систем околу езерото на свете страни - Инсталација на објект за индустриско прочистување на загадената вода како предуслов за поставување на нов индустриски објект - Обука за користење на пестициди кои не се штетни за животната средина	- Акумулација на токсини во езерото (тешки метали, пестициди итн.) - Загадување со заболувања кои предизвикуваат бактерии и вируси
Еутрофикација на езерото	- Охридското езеро е сеуште олиготрофно	- Збогатена со хранливи материи, детергенти и човечки и животински отпад	- Рестрикција на сите потенцијални загадувачи кои предизвикуваат еутрофикација на езерото	- Постапките на луѓето се во голема мера поврзани со етрофикацијата

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Управување со цврстиот отпад	- Неколку лиценцирани отпади во регионот	- Повеќе од 50 недозволени депонии - Нема области за ѓубрива - Неколку капацитети за рециклирање - Недостаток на соодветна инфраструктура	- Подобрување на инфраструктура-та за цврст отпад - Обики за јавната администрација вклучена во преработка на ѓубрето	- Загадување на подземните води кои служат како извор за пиење
Обесшумување	- Различна вегетација на дрвјата	- Преголемо експлоатирање на сурови материјали во дрварсаката индустрија	- Масивни акции за обновување на шумите во регионот - Образование за животната средина поврзано со важноста на “зелените бели дробови“ на планетата	- Исчезнување на неколку видови на дрва - Ерозија на земјиштето поради обесшумувањето
Практики на искористување на земјиштето	- Слободно земјиште за различни цели	- Намалување на земјоделстата област - Намалување на шуми и пасишта	- Мерки за подобрување на практиките за искористување на земјиштето - Опис на земјиштето за проценка на големината на овој проблем	- Несоодветно користење на земјиштето - Несоодветна урбанзација на регионот

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Лов и риболов	- Рестрикции при ловот на охридската пастармка на македонската страна - Активни мерки за регулирање на риболовните активности	- Недостаток на систематски пристап во заштита на ендемски видови во езерото - Дивиот животински свет во областа е загрозен - Запознавање со нови риби кои никогаш не биле дел од езерото - Злоупотреба на риболовот	- Обновување на охридстата пастрмка и други загрозени видови - Обуки на рибарите за одржливост	- Популацијата на пастрмката е загрозена, а исто така загрозени се и крапот и плашицата
Управување со природните ресурси	- Искуство врз основа на проекти - Претходни инвестиции во овој вид на управување низ проекти	- Врз онова на проект наместо врз основа на континуитет и одржливост	- Развој на стратегија за управување со природните ресурси во регионот	- Уништување на природните ресурси во регионот
Управување со заштитните подрачја	- Established public entities that are managing national parks - NGO-public partnership	- Недостаток на капацитети за успешно управување со заштитените подрачја	- Имплементација на политиките за добро владеење во управувањето со заштитените подрачја - Неформален тренинг на вработените	- Злоупотреба на заштитените подрачја за забранети активности (недозволен лов, уништување на биодиверзитетот, загрозување на ретките видови итн.)

ЗАКЛУЧОЦИ:

Состојбата на животната средина сеуште може да кажеме дека е добра со неколку алармантни црвени точки кои не се од регионална закана. Квалитетот на водата во Охридското и Преспанското езеро е добар. Охридското е езеро е сеуште олиготрофно и има разновидна вегетација. Генералната состојба е добра, но постојат неколку трендови кои може да предизвикаат неколку проблеми со животната средина доколку со нив не се управува соодветно. Една од главните грижи трајното губење на водата од Преспанското езеро, сатурацијата на брегот на Охридското езеро со седименти од реката Сатеска кои се поради прекумерната употреба на пестициди во земјоделството и недостаток од прочистување на индустриски загадената вода. Канализацискиот систем не е завршен, а постојат околу 50тина депонии околу езерото. Не постои систематски пристап за заштита на ендемските видови во регионот, особено во рибите од Охридското езеро каде се појавуваат риби кои не се од самото езеро, а исто така постои и тренд на злоупотреба на ловот-прекумерно ловење.

Постојат неколку прекугранични иницијативи за заедничко управвување со заштитените подрачја или заедничките ресурси, но сеуште постои простор за активности за заедничко управување. Има потреба од стратеко здружено управување и синхронизација на активностите за заштита за загадените видови на двете страни. Образованието е од особено значење за иден развој на граѓанското образование во полето на неформално образование и вработувањето во институциите кои управуваат со природните ресурси во регионот.

Проценка на потребите и капацитетите за образование за животна средина

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Туризам и рекреација	- Институционална мрежа (стручни и академски институции)	- Недостаток на развивање современ туризам кој води сметка за животната средина	- Специјални програми за формално и неформално образование за животната средина во туристичкиот сектор	- Негативното влијание на туризмот кон животната средина во регионот
Производство и обработка на храна	- Разновиден НВО сектор	- Недостаток на активности и обуки за земјоделците кои се занимаат со органско земјоделство и здрава храна	- Развој на програмите за здрава храна и одржливо земјоделство во современото образование - Обуки за замјоделци и вработени во компании за производство на храна	- Производство на храна во регионот со високо ниво на хемикалии - Конзумирање нездрава храна
Извори на енергија	- Зголемување на јавната свест за употреба на чисти енегрија	- Недостаток на знаење и свест за обновливите извори на енергија во регионот	- Обука на граѓани и сопственици на туристички објекти за обновливите извори на енергија	- Скапа и недостапна енергија
Индустрија	- Флексибилни индустриски капацитети	- Валканите технологии се претставени пред активните индустриски компании	- Ефикасен транфер на чисти технологии во регионалната индустрија - Заштитни мерки за заштита на животната средина за време на изготвување на нова капања	- Дополнително влијаење на животната средина во регионот за индустриски видови на загадување

ИСХОД	Силните страни се карактеристики кои даваат предности	Слабите трани се карактеристики кои водат кон недостаток	Можностите се прикила да се подобри состојбата	Заканите се надворешни елементи кои може негативно да влијаат на состојбата
Други активности	- Поддршка на мали бизниси	- Ограничени можности за мали и средни претпријатија	- Тренинг курсеви за иготвување рачни изработки од природни материјали	- Висока стапка на невработеност
Сообраќајна инфраструктура		- Зголемување на приватни автомобили кои користат природен гас	- Зголемување на свеста за еколошки железнички	- Дополнително загадување на животната средина од сообраќај
Општ економски развој		- Економскиот развој не е согласно заштитата на животната средина во регионот	- Тренинг програми за усогласување на економијата и екологијата	- Силен притисок од економијата на животната средина во регионот
Подигнување на јавната свест	- Добра образовна мрежа - Добро дефиниран НВО сектор	- Иницијативи за зголемување на јавната свест преку невладини организации	- Кампањи за зголемување на јавната свест	- Уништување на животната средина од различни извори и притисоци на загадување

ЗАКЛУЧОЦИ:

Капацитетите во пограничниот регион постојано се зајакнуваат, но сеуште има голема потреба од активности за нефрмално еколошко образование. Постои добра мрежа на институции и професионалци во регионот, солиден и разновиден граѓански сектор кои игра главна улога во образованието за животна средина, а исто така постојат и добри погранични иницијативи за зголемување на јавната свест за заштита на животната средина и користењето на чистите технологии. Ова треба да биде искористено за креирање систематски и активности со постојан континуитет за животната средина, а постои потреба од креирање на регионален центар за еколошка едукација и мерки за одржлив развој кои треба да се земат предвид во процесот на идна индустријализација на регионот.

Постои потреба од долготрајно образование на земјоделците за употреба на пестицидите, органско земјоделство и производство на здрава храна. Има потреба од образование на бизниските за користење на чисти технологии, обновлива енергија и заштеда на енергија како принципи на одржлив развој. Потребно е да се стави посебно внимание во полето на комплементарност на развојните бизниси и заштита на животната средина, а да се потенцира дека заштитата на животната средина не е ограничувачки фактор за развој на бизнисите.



Препораки

1. На национално ниво треба да се стави посебно внимание на стратегиите за развој во туризмот со цел зачувување на високото место во националните агенди за промоција и развој.
2. Треба да се форсира заедничка иницијатива за подобрување на инфраструктурата и полесен пристап до регионот, но во исто време треба да се води грижа за ресурсите и животната средина, ставајќи посебен акцент на одржливиот развој во поле на туризмот- осврнувајќи се на систем за интегрирана заштита на водите со минимално влијание на животната средина.
3. Дополнителен напор треба да се вложи во зголемување на капацитетите(особено човечките капацитети)на законодавните институции во регионот и поддршка на процесот за развој на прекугранични механизми за координација на активностите во полето на управување со заштитените подрачја.
4. Треба да се земе предвид стратишкиот пристап за интегрален одржлив разбој во регионот и интегрална перспектива на заштитеното подрачје. Треба да се започне целосно партиципативен процес на стратешко планирање кој ќе ги вклучи сите релевантни чинители од двете страни на границата, а посебен фокус треба да се стави на научниците.
5. Треба да се стави посебно внимание на развојот на “чистите технологии“ и инвестициите во туризмот како една од економските области кои најмногу ветуваат на двете страни на границата. Кога се прави промоција на бизнисот потребна е јасно разбирање за видовите бизнис кои треба да се развиваат во овој регион имајќи го предвид одржливиот развој и влијанието на индустријата кон животната средина, културата и природните вредности.
6. Потребни се продолжени едулативни програми кои ќе ги таргетираат локалното население, бизнисот, граѓанските организации и локалната власт. Образованието е особено потребно со цел да спречат одредени бизнис активности кои се многу популарни и привлечни од економска гледна точка, но од друга страна имаат негативно влијание на животната средина и се штетни по здравјето на населението.
7. Потребна е заедничка стратегија за управување со ресурсите и заштитените подрачја, а особено потребна е синхронизација на акции за зачувување на загрозените видови на двете страни на границата.

8. Образованието е од круцијална важност и е основна поддршка на граѓанските организации во полето на неформално образование на населението и вработените во институциите кои управуваат со природните ресурси во регионот.
9. Локалните ресурси треба да се користат за системски и едукативни активности од доменот на животната средина, а исто така потребен е развој на центри за образование за животната средина и мерки за одржлив развој кои треба да се земат предвид во процесот на идна индустриализација на регионот.
10. Потребно е дополнително образование на земјоделците за правилно користење на пестицидите, органското земјоделство и производството на здрава храна.
11. Потребо е образование на бизнис заедницата за користење на чисти технологии, обновлива енергија и штедење на енергија како принципи за одржлив развој.

Овој документ е изготвен од страна на:

КОЦКА Институт за обука,

Во рамките на проектот:

“Зајакнување на капацитетите за образование и обука за заштита на природните ресурси во Охридско- Преспански басен“

Контакт број: 2012/288-302

Март 2013



Финансирано од Европска Унија